# ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.-31.12.2018



***Резиме***

***Финансиските контролори како дел од Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамки на Фондот за здравствено осигурување во текот на 2018 година изврши вкупно 91 контроли на јавните здравствени установи во Македонија.***

***Согласно Годишниот план за целосни финансиски контроли извршени се 78 контроли и 13 наменски контроли.***

***Планот за 2018 година е надминат за 16.67%.***

***Од контролите констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола и реализација на договорите, укажување за начинот на чување на финансиската документација во просториите на здравствените установи итн.***

***За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.***

## I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

## II. Цел на финансиската контрола



Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето, наменското трошење на средствата на ЈЗУ.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

## III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата ја спроведуваат 17 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

| Организациона единица | број на контролори |
|---|---|
| Централна служба | 5 |
| Скопје | 3 |
| Тетово | 1 |
| Гостивар | 1 |
| Струга | 1 |
| Охрид | 1 |
| Битола | 1 |
| Прилеп | 1 |
| Велес | 1 |
| Струмица | 1 |
| Куманово | 1 |
| **Вкупно контролори** | 17 |

## IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои се реализираат согласно Годишен план за финансиска контрола и
- контролите со посебна намена односно вонредните контроли се извршуваат по барање на менаџерскиот тим или од Директорот на Сектор за финансиски прашања на Фондот.

Планот на финансиски контроли за 2018 година предвидуваше 78 целосни финансиски контроли.

Во текот на 2018 година, согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 78 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 13 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во 2018 година изнесува 91 контроли.

**Со тоа, процентот на реализацијата на годишниот план е 116,67 %**.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

| ред бр. | Вид на контрола | број на извршени контроли |
|---|---|---|
| **1** | **Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли** | **78** |
| **1.1** | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | 78 |
| **2** | **Наменски контроли** | **13** |
| **2.1** | *Предмет на контрола - ангажирани доктори кои обавуваат дополнителна дејност од ЈЗУ Клиничка болница Битола во други ЈЗУ* | 1 |
| **2.2** | *Предмет на контрола – исплата на дежурства во плата за месец декември 2017 година во ЈЗУ Здравствен дом Битола* | 1 |
| **2.3** | *Предмет на контрола – увид на документацијата за пресметка исплата на дежурства по барање на ЈЗУ Клиничка болница Штип* | 1 |
| **2.4** | *Предмет на контрола – начин на пресметка на дежурства во одредени ЈЗУ, за информација доставена до Министерство за здравство* | 1 |
| **2.5** | *Предмет на контрола - постапка за јавна набавка на работи – одржување и употреба со промена на топловодна, електрична инсталација, интернет, телефонија, технички и санитарен водовод по спецификација ЈЗУ Здравствен дом Демир Хисар* | 1 |
| **2.6** | *Предмет на контрола - доставеното Барање до Фондот за здравствено осигурување на Македонија од страна на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ – Охрид за корекција на референтните цени утврдени по ДСГ методологија* | 1 |
| **2.7** | *Предмет на контрола - Исплатени средства од Благајна по основ повраток на пари за 2016, 2017 и 2018 година во ЈЗУ Општа болница - Прилеп* | 1 |
| **2.8** | *Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ ЗД Пробиштип врз основа на писмено барање за зголемување на договорениот надоместок за 2018 година* | 1 |
| **2.9** | *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за дигестивна хирургија – Скопје* | 1 |
| **2.10** | *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за радиологија – Скопје* | 1 |
| **2.11** | *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство - Скопје* | 1 |
| **2.12** | *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.13** | *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ ЈЗУ Стоматолошки клинички центар - Скопје* | 1 |
| **Вкупно финансиски контроли** | | **91** |

Споредбено со 2017 година, бројот на реализирани контроли по видови, во истиот период во 2018 година е прикажано во следната табела:

| **ред бр.** | **Вид на контрола** | **број на извршени целосни финансиски контроли во 2017 г.** | **број на извршени целосни финансиски контроли во 2018 г.** |
|---|---|---|---|
| 1. | Контроли согласно Годишен план за целосни финансиски контроли | 50 | 78 |
| 2. | Наменски контроли | 7 | 13 |
| | **Вкупно финансиски контроли** | **57** | **91** |

## V. Реализација по видови на контроли

### 1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ. Таа подразбира контрола на:

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- вработени и привремено ангажирани лица во ЈЗУ
- начин на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ.

Во рамките на извршените 58 контроли, во текот на 2018 година, контролирани се:

| **Вид на ЈЗУ** | **број на контролирани ЈЗУ во 2017 г.** | **број на контролирани ЈЗУ во 2018 г.** |
|---|---|---|
| Универзитетски клиники | 13 | 27 |
| Клинички, општи болници и специјални болници | 8 | 16 |
| Здравствени домови и здравствени станици | 18 | 24 |
| Институти, заводи и Центри за јавно здравје | 11 | 11 |
| **Вкупно:** | **50** | **78** |

Од вкупно контролирани 78 ЈЗУ утврдено е дека на 31.12.2017 година, 34 ЈЗУ имаат долгови. Кај 30 ЈЗУ долговите на 31.12.2017 година споредбено со 31.12.2016 година се зголемиле, а кај 36 ЈЗУ во истиот период долговите се намалиле. Во 11 ЈЗУ во споредбениот период имала исто ниво на долгови. (*прилог табела на страна 16)*

Во текот на 2017 година 16 ЈЗУ реализирале над 90 % од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ, 9 ЈЗУ реализирала износ над 80 %, а 14 ЈЗУ над 70 %. Пет ЈЗУ реализирале над 60 % од побарувања од МЗ во 2017 година, 6 ЈЗУ над 50 % и 27 ЈЗУ под 50 %.

Во 36 од контролираните 78 ЈЗУ, степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2017 година се движи над 90%, во 20 ЈЗУ над 80 %, во 8 ЈЗУ е над 70 %, кај 3 ЈЗУ степенот на наплата на партиципација е над 60 %, кај 2 ЈЗУ е над 50%, а кај 5 ЈЗУ под 50 %. За 4 ЈЗУ нема податок за степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2017.

При извршените целосни финансиски контроли во 78 ЈЗУ во текот на 2018 година, кај 53 ЈЗУ се утврдени неправилности во благајничкото работење и дадени се вкупно 160 препорака за нивно надминување.

Кај 9 од 78 ЈЗУ нема воведено софтвер за разграничување на долговите и обврските во сметковотствената евиденција.

Во 24 ЈЗУ не постои мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал.

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

- кај 18 од 78 контролирани ЈЗУ нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое има валидна потврда за лице за јавни набавки, согласно со овој закон. Кај 6 од овие 18 ЈЗУ се ангажирани надворешни лица за спроведување на постапките за јавни набавки.

- кај 71 ЈЗУ констатирани се набавки без спроведена постапка за јавна набавка, чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ.

- кај 61 ЈЗУ не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ.

- кај 21 ЈЗУ Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки, т.е. не ги содржи елементите пропишани во членот 28 ставови 2 и 3.

- кај 13 ЈЗУ договорите за јавни набавки не се склучени во законски утврдениот рок.

*(прилог табели од страна 17 до страна 23)*

Од извршените целосни финансиски контроли во 78 ЈЗУ во текот на 2018 година, кај 76 ЈЗУ се утврдени неправилности во делот на контролата на спроведувањето на постапките за јавни набавки, по случаен избор и дадени се вкупно 324 препораки за нивно надминување.

Во извршените 78 целосни финансиски контроли во 2018 година, финансиските контролори евидентирале **898** препораки, и тоа: на 8 ЈЗУ им се дадени над 20 препораки, на 9 ЈЗУ се дадени над 15 препораки, на 23 ЈЗУ бројот на евидентирани препораки е помеѓу 10 и 14 препораки и кај 38 ЈЗУ бројот на нотирани препораки изнесува 10 и помалку од 10.

Во извршените 13 наменски контроли, финансиските контролори евидентирале 13 препораки.

**Вкупно во извршените целосни финансиски и наменски контроли, финансиската контрола на ФЗОМ во текот на 2018 година има доставено 911 препораки до контролираните ЈЗУ.**

Од контролираните 78 ЈЗУ во ниту една не се исполнети во целост дадените препораки од претходните целосни финанасиски контроли. Во 50 ЈЗУ се исполнети над 50% од препораки од претходните целосни финанасиски контроли, а во останатите 28 ЈЗУ под 50 %.

**Во 2018 година од страна на одделението за буџетска и финансиска контрола беа превземени и следниве активности:**

- **Одделението за буџетска и финансиска контрола врз база на податоците добиени од ЈЗУ и УЈП за исплатена бруто плата во месец мај 2018 година, изработи регистар на вработени лица од сите јавните здравствени установи по групи на профили и изготви пресметки за висината на износот на просечна плата во ЈЗУ на вработените по групи на профили;**

- **Изработена е проекција за зголемување на платата на специјалисти во терциерно здравство (по профили од доктор специјалист до професор) на нето износ од 100.000 денари;**

- **Изработена е проекција за зголемување на додатоците на плата согласно барањата на двата Синдикати на вработените во јавните здрвствени установи;**

- **Одделението за буџетска и финансиска контрола во 2018 година, во соработка со Министерство за здравство активно учествуваше во изработка на измените во Колективниот договор за здравствена дејност, согласно Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник број 80 од 07.05.2018 година, со примена со исплата на платата за месец март 2018 година;**

- **Финансиските контролори активно учествуваа во изработка на Упатството на начин на пресметување на додатоците за дежурство, ноќна работа и работа во празник во јавните здравствени установи;**

- **Извршен е увид во начинот на пресметка на додатоците на плата во ЈЗУ, заради усогласеност со измените од Колективниот договор за здравствена дејност;**

- **Во 2018 година одделението за буџетска и финансиска контрола направи сеопфатна анализа и изготви прегледи за пресметка на најниската плата во сите јавни здравствени установи, зголемена за 5% , односно од 12.654 денари на 13.286 денари, согласно Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на бруто платите во здравствената дејност, објавена во Службен весник број 179 од 26.09.2018 година, со примена со исплата на платата за месец септември 2018 година;**

- **Континуирано се изработува пресметка на договорен надоместок на приватните специјализанти ангажирани во ЈЗУ, т.е. континуирано се изготвуваат поединечни пресметки за сите приватни специјализанти за исплата на договорениот надоместок од 26.000 денари во нето износ, по претходно добиено известување од Министерство за здравство;**

- **Одделението за буџетска и финансиска контрола во 2018 година, во соработка на Министерство за здравство, активно ја следи исплата на договорениот надоместок на секој приватен специјализант. Исто така, преку доставувања известувања за редовното присуство на приватни специјализанти при обавување турнуси од страна на матичната установа, од каде се исплаќа паричниот надоместок се следи и редовноста на приватните специјализанти;**

- **Анализа на меѓусебните побарување и долговите од извршени сервисни услуги на ЈЗУ (универзитетски клиники, институти, општи болници и болници со проширена дејност);**

- **Анализа на долговите на ЈЗУ кон Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники Скопје, заводи и ургентен центар (селектиран како долг за електрична енергија и останат долг за набавка на стоки, услуги и работи);**

- **Анализа на долговите на ЈЗУ за набавка на електрична енергија од ЕВН Македонија;**

- **За потребите на одделението за буџетска и финансиска контрола во 2018 година, во неколку наврати се анализираше бројот на редовно вработени лица, во вкупен број или по видови на профили (пример болничари и транспортери, итн.);**

- **Изготвена е проекција за промена на договорниот надоместок на секоја ЈЗУ за 2019 година, за износот на зголемување на најниската плата во сите јавни здравствени установи, од 13.286 денари на 13.352 денари (поради зголемување на придонесот за здравствено и пензиско-инвалитско осигурување), согласно Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на бруто платите во здравствената дејност објавени во Службен весник број 27 од 05.02.2019 година, со примена на исплата на плата за месец јануари 2019 година;**

- **Одделението за буџетска и финансиска контрола, изврши анализа и изготви проекција на договорниот надоместок на секоја ЈЗУ за 2019 година, за процентот на зголемување на коефициентите на одделни степени по групи на сложеност, соглано Анексите за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност, објавени во Службен весник број 31 и 32 од 07.02.2019 година, со примена на исплата на плата за месец јануари 2019 година;**

- **Изработена е и проекција на средствата потребни за зголемување договорниот надоместок на секоја ЈЗУ за 2019 година, каде има приватни специјализанти, за исплата на договорениот надоместок.**

## 2. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.




Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2018 – 31.12.2018 година се презентирани во следната табела:

| Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола | Број на контроли |
|---|---|
| *Предмет на контрола - ангажирани доктори кои обавуваат дополнителна дејност од ЈЗУ Клиничка болница Битола во други ЈЗУ* | 1 |
| *Предмет на контрола – исплата на дежурства во плата за месец декември 2017 година во ЈЗУ Здравствен дом Битола* | 1 |
| *Предмет на контрола – увид на документацијата за пресметка исплата на дежурства по барање на ЈЗУ Клиничка болница Штип* | 1 |
| *Предмет на контрола – начин на пресметка на дежурства во одредени ЈЗУ, за информација доставена до Министерство за здравство* | 1 |
| *Предмет на контрола - постапка за јавна набавка на работи – одржување и употреба со промена на топловодна, електрична инсталација, интернет, телефонија, технички и санитарен водовод по спецификација ЈЗУ Здравствен дом Демир Хисар* | 1 |
| *Предмет на контрола - доставеното Барање до Фондот за здравствено осигурување на Македонија од страна на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ – Охрид за корекција на референтните цени утврдени по ДСГ методологија* | 1 |
| *Предмет на контрола - Исплатени средства од Благајна по основ повраток на пари за 2016, 2017 и 2018 година во ЈЗУ Општа болница - Прилеп* | 1 |
| *Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ ЗД Пробиштип врз основа на писмено барање за зголемување на договорениот надоместок за 2018 година* | 1 |
| *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за дигестивна хирургија – Скопје* | 1 |
| *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за радиологија – Скопје* | 1 |
| *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство - Скопје* | 1 |
| *Предмет на контрола – доспеани обврски (долгови) и побарувања од други ЈЗУ во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје* | 1 |

## VI. Споредба на извршени финансиски контроли во временскиот интервал 2014 – 2018 година

Финансиската контрола на Фондот во 2018 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Споредбено со претходните години во временскиот интервал 2014 – 2018 година, во 2018 година се реализирани најголем број на редовни и наменски финансиски контроли.





По видови ЈЗУ, каде се извршени редовните и наменските контроли, состојбата е следна:

| Вид на ЈЗУ | 2014 година | | | 2015 година | | | 2016 година | | | 2017 година | | | 2018 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | редовни | наменски | вкупно | редовни | наменски | вкупно | редовни | наменски | вкупно | редовни | наменски | вкупно | редовни | наменски | вкупно |
| Универзитетски клиники | 8 | 3 | 11 | 15 | 3 | 18 | 14 | 2 | 16 | 13 | 2 | 15 | 25 | 1 | 26 |
| Клинички, општи болници и специјални болници | 9 | 1 | 10 | 12 | 4 | 16 | 12 | 2 | 14 | 8 | 0 | 8 | 16 | 5 | 21 |
| Здравствени домови и здравствени станици | 28 | 2 | 30 | 14 | 1 | 15 | 12 | 1 | 13 | 18 | 2 | 20 | 25 | 3 | 28 |
| Институти, заводи и Центри за јавно здравје | 20 | 1 | 21 | 6 | 1 | 7 | 11 | 1 | 12 | 11 | 2 | 13 | 12 | 0 | 12 |
| **Вкупно:** | **65** | **7** | **72** | **47** | **9** | **56** | **49** | **6** | **55** | **50** | **6** | **56** | **78** | **9** | **87** |


Од извршените редовни и наменски финансиски контроли, евидентиран е следниот број на препораки, претставен по години:




Селектирано по видови на препораки (за сметковотствено - финансиското работење на ЈЗУ и препораки од областа на јавните набавки), во периодот 2014 – 2018 година, евидентирани се:




Реализацијата на дадените препораки од извршените финансиски контроли во ЈЗУ кои биле предмет на контрола во периодот 2014 – 2018 година, издвоена по години е следна:




*Напомена: Презентираната реализација на препораките се однесува и на препораки од финансиски контроли кои се извршени пред преставениот временски интервал 2014 - 2018 година, но нивното исполнување е предмет на контрола во овој период.*

## VII. Заклучок



Финансиската контрола на Фондот во текот на 2018 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Подобар увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;

- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, пресметка и исплата на плата и додатоци од плата согласно Колективниот договор за здравствена дејност, начинот на ангажирање на лица со договор за дело итн.

- Препораките и укажувањата се содржани во извештаите од контролите.

Мај, 2019 година

Изработиле:
Цвете Јовановска
Софче Ристовска
Бедри Мемети

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

Согласен:
Миле Сугарев

**Прилог 1: Табеларен преглед на констатирани неправилности во ЈЗУ од целосните финанасиски контроли**

**1.1. Приказ на состојбата на долгови на 31.12.2016 и 31.12.2017 година**

| Р.бр. | ЈЗУ | долгови на 31.12.2016 | долгови на 31.12.2017 | зголемување/ намалување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Здравствен дом - Струга | 1.851.760 | 51.167 | намалување |
| 2 | Општа болница - Струмица | 6.480.769 | 6.716.801 | зголемување |
| 3 | Центар за јавно здравје - Куманово | 4.881.153 | 5.788.001 | зголемување |
| 4 | Психијатриска болница - Демир Хисар | 56.728 | 10.411 | намалување |
| 5 | Герантолошки завод 13 Ноември - Скопје | 2.640.797 | 0 | намалување |
| 6 | Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје | 69.293.206 | 67.388.709 | намалување |
| 7 | Универзитетска клиника за уво, нос и грло -Скопје | 17.666.963 | 7.312.202 | намалување |
| 8 | Универзитетска клиника за пластична хирургија - Скопје | 66.003.771 | 67.835.804 | зголемување |
| 9 | Здравствен дом - Скопје | 0 | 0 | исто ниво |
| 10 | Здравствен дом - Велес | 0 | 0 | исто ниво |
| 11 | Клиничка болница - Тетово | 1.035.750 | 374.649 | намалување |
| 12 | Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје | 54.669.644 | 75.665.910 | зголемување |
| 13 | Универзитетска клиника за ендокринологија - Скопје | 6.677.759 | 1.260.210 | намалување |
| 14 | Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија - Скопје | 6.331.474 | 4.919.969 | намалување |
| 15 | Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје | 98.137.367 | 89.220.942 | намалување |
| 16 | Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 27.901.694 | 31.402.937 | зголемување |
| 17 | Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје | 84.401.585 | 80.650.197 | намалување |
| 18 | Општа болница - Кочани | 23.775.771 | 17.429.458 | намалување |
| 19 | Општа болница - Прилеп | 93.633.232 | 51.418.978 | намалување |
| 19 | Универзитетска клиника за хируршки болести “ Свети Наум”- Скопје | 193.182.842 | 212.956.437 | зголемување |
| 20 | Универзитетска клиника за неврологија - Скопје | 22.002.896 | 39.857.765 | зголемување |
| 21 | Здравствен дом - Македонски брод | 1.108.089 | 792.136 | намалување |
| 22 | Општа болница - Гостивар | 85.182.976 | 43.651.361 | намалување |
| 23 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје | 73.535.495 | 74.151.372 | зголемување |
| 24 | Општа болница - Кавадарци | 22.204.760 | 25.971.080 | зголемување |
| 25 | Општа болница - Велес | 41.416.484 | 50.244.850 | зголемување |
| 26 | Психијатриска болница - Бардовци | 0 | 3.586.690 | зголемување |
| 27 | Општа болница - Гевгелија | 21.231.181 | 28.619.107 | зголемување |
| 28 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 2.757.458 | 277.072 | намалување |
| 29 | Универзитетска клиника за инфективни и фебрилни состојби - Скопје | 6.392.000 | 2.008.878 | намалување |
| 30 | Универзитетска клиника за ТОАРИЛУЦ - Скопје | 186.186.098 | 115.710.180 | намалување |
| 31 | Општа болница Охрид | 146.701.927 | 162.049.217 | зголемување |
| 32 | Општа болница Струга | 33.544.930 | 32.399.386 | намалување |
| 33 | Здравствен дом Битола | 0 | 0 | исто ниво |
| 34 | Психијатриска болница Негорци | 0 | 0 | исто ниво |
| 35 | Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија Скопје | 58.194.857 | 68.583.401 | зголемување |
| 37 | Здравствен дом Гостивар | 7.538.940 | 15.487.177 | зголемување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38 | Здравствен дом Прилеп | 5.322.546 | 8.413.445 | зголемување |
| 39 | Центар за јавно здравје - Струмица | 0 | 0 | исто ниво |
| 40 | Институт за јавно здравје на РМ | 113.221.811 | 124.519.093 | зголемување |
| 41 | Завод за превенција. лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Св. Стефан - Охрид | 9.791.902 | 6.427.706 | намалување |
| 42 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид | 92.696.694 | 100.949.229 | зголемување |
| 43 | Здравствен дом - Кратово | 2.169.299 | 1.081.390 | намалување |
| 44 | Здравствен дом – Крива Паланка | 18.815.259 | 11.714.820 | намалување |
| 45 | Здравствен дом - Тетово | 70.729.314 | 7.608.543 | намалување |
| 46 | Центар за јавно здравје - Битола | 2.405.521 | 1.892.144 | намалување |
| 47 | Медицински факултет - Институти | 12.693.488 | 10.931.025 | намалување |
| 48 | УК за неврохирургија - Скопје | 53.510.629 | 49.011.582 | намалување |
| 49 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје | 0 | 0 | исто ниво |
| 50 | Здравствен дом - Охрид | 11.891.763 | 2.586.455 | намалување |
| 51 | Здравствен дом - Ресен | 871.791 | 1.603.764 | зголемување |
| 52 | УК за детски болести - Скопје | 126.713.760 | 127.271.490 | зголемување |
| 53 | УК за токсикологија - Скопје | 0 | 44.670.171 | зголемување |
| 54 | УК за урологија - Скопје | 8.572.596 | 11.673.237 | зголемување |
| 55 | Здравствен дом - Крушево | 2.220.346 | 1.254.274 | намалување |
| 56 | Здравствен дом - Куманово | 2.689.986 | 4.706.691 | зголемување |
| 57 | Здравствен дом - Вевчани | 3.818.526 | 2.459.028 | намалување |
| 58 | Здравствен дом - Железничар | 0 | 0 | исто ниво |
| 59 | Центар за јавно здравје - Штип | нема евиденција на долгови во ЈЗУ | | |
| 60 | Институт за трансфузиона медицина на РМ | 247.645.367 | 239.217.683 | намалување |
| 61 | Клиничка болница - Штип | 33.747.081 | 22.667.267 | намалување |
| 62 | УК за психијатрија - Скопје | 0 | 0 | исто ниво |
| 63 | Завод за рехабилитација - Отешево | 2.244.826 | 2.007.088 | намалување |
| 64 | Здравствен дом - Кичево | 896.133 | 2.037.207 | зголемување |
| 65 | Здравствен дом - Ростуше | 0 | 0 | исто ниво |
| 66 | Општа болница - Дебар | 6.825.844 | 6.382.721 | намалување |
| 67 | УК за кардиохирургија - Скопје | 36.658.899 | 45.642.772 | зголемување |
| 68 | УК за клиничка биохемија - Скопје | 7.945.446 | 0 | намалување |
| 69 | Здравствен дом - Неготино | 382.109 | 2.640 | намалување |
| 70 | Здравствен дом - Пехчево | 0 | 0 | исто ниво |
| 71 | Здравствен дом - Штип | 2.820.742 | 4.147.138 | зголемување |
| 72 | Центар за јавно здравје - Скопје | 39.742.431 | 41.876.473 | зголемување |
| 73 | Стоматолошки клинички центар - Скопје | 14.608.692 | 16.785.903 | зголемување |
| 74 | УК за радиологија - Скопје | 11.587.630 | 0 | намалување |
| 75 | Завод за нефрологија - Струга | 53.516.814 | 58.209.504 | зголемување |
| 76 | Здравствен дом - Делчево | 0 | 0 | исто ниво |
| 77 | Здравствен дом - Гевгелија | 14.413.814 | 14.863.641 | зголемување |
| 78 | Здравствен дом – Кавадарци | 331.463 | 295.704 | намалување |

### 1.2. Утврдени неправилности во благајничкото работење

| Р.бр. | ЈЗУ | Број на препораки |
|---|---|---|
| 1 | Центар за јавно здравје – Куманово | 2 |
| 2 | Психијатриска болница - Демир Хисар | 2 |
| 3 | Универзитетска клиника за уво. нос и грло - Скопје | 1 |
| 4 | Универзитетска клиника за пластична хирургија - Скопје | 4 |
| 5 | Здравствен дом - Велес | 1 |
| 6 | Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје | 6 |
| 7 | Универзитетска клиника за ендокринологија - Скопје | 3 |
| 8 | Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија - Скопје | 2 |
| 9 | Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје | 2 |
| 10 | Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 1 |
| 11 | Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје | 6 |
| 12 | Општа болница - Кочани | 2 |
| 13 | Општа болница - Прилеп | 5 |
| 14 | Општа болница - Гостивар | 1 |
| 15 | Општа болница - Кавадарци | 1 |
| 16 | Општа болница - Велес | 6 |
| 17 | Психијатриска болница - Бардовци | 4 |
| 18 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 3 |
| 19 | Општа болница - Охрид | 5 |
| 20 | Општа болница - Струга | 2 |
| 21 | Здравствен дом - Битола | 5 |
| 22 | Психијатриска болница - Негорци | 2 |
| 23 | Здравствен дом - Гостивар | 1 |
| 24 | Здравствен дом - Прилеп | 3 |
| 25 | Центар за јавно здравје - Струмица | 1 |
| 26 | Институт за јавно здравје на РМ | 1 |
| 27 | Завод за превенција. лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Св. Стефан - Охрид | 3 |
| 28 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид | 1 |
| 29 | Здравствен дом - Кратово | 4 |
| 30 | Здравствен дом – Крива Паланка | 4 |
| 31 | Здравствен дом – Тетово | 8 |
| 32 | Центар за јавно здравје - Битола | 2 |
| 33 | Медицински факултет - Институти | 2 |
| 34 | Завод за рехабилитација на слух. говор и глас - Скопје | 3 |
| 35 | УК за детски болести – Скопје | 2 |
| 36 | УК за токсикологија - Скопје | 1 |
| 37 | Здравствен дом - Крушево | 1 |
| 38 | Здравствен дом - Вевчани | 1 |
| 39 | Здравствен дом - Железничар | 4 |
| 40 | Центар за јавно здравје - Штип | 8 |
| 41 | Институт за трансфузиона медицина на РМ | 3 |
| 42 | Клиничка болница - Штип | 3 |
| 43 | Завод за рехабилитација - Отешево | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| 44 | Здравствен дом - Кичево | 1 |
| 45 | Општа болница - Дебар | 3 |
| 46 | УК за клиничка биохемија - Скопје | 1 |
| 47 | Здравствен дом - Пехчево | 3 |
| 48 | Здравствен дом - Штип | 1 |
| 49 | Центар за јавно здравје - Скопје | 4 |
| 50 | Стоматолошки клинички центар - Скопје | 1 |
| 51 | Завод за нефрологија - Струга | 4 |
| 52 | Здравствен дом - Делчево | 5 |
| 53 | Здравствен дом - Гевгелија | 8 |

### 1.3. ЈЗУ без софтвер за разграничување на долговите и обврските во сметковотствената евиденција во моментот на контрола

| Р.бр. | ЈЗУ |
|---|---|
| 1 | Универзитетска клиника за пластична хирургија - Скопје (не е во функција) |
| 2 | Центар за јавно здравје - Куманово |
| 3 | Здравствен дом - Прилеп |
| 4 | Центар за јавно здравје - Штип |
| 5 | Клиничка болница – Штип |
| 6 | Завод за рехабилитација - Отешево |
| 7 | Здравствен дом – Ростуше |
| 8 | Општа болница – Дебар |
| 9 | Здравствен дом - Делчево |

### 1.4. ЈЗУ во кои не постои мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал

| Р.бр. | ЈЗУ |
|---|---|
| 1 | Универзитетска клиника за уво. нос и грло - Скопје |
| 2 | Универзитетска клиника за пластична хирургија - Скопје |
| 3 | Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје |
| 4 | Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија - Скопје |
| 5 | Универзитетска клиника за очни болести - Скопје |
| 6 | Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје |
| 7 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје |
| 8 | Универзитетска клиника за ТОАРИЛУЦ - Скопје |
| 9 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје |
| 10 | Општа болница - Струмица (не е во функција) |
| 11 | Општа болница - Прилеп |
| 12 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо - Охрид |
| 13 | Здравствен дом – Кратово |
| 14 | Здравствен дом – Крива Паланка |
| 15 | УК за неврохирургија – Скопје |
| 16 | Здравствен дом – Куманово |
| 17 | Здравствен дом – Вевчани |
| 18 | Здравствен дом – Железничар |

| | |
|---|---|
| 19 | Клиничка болница – Штип |
| 20 | Завод за превенција. лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево |
| 21 | Здравствен дом – Ростуше |
| 22 | Здравствен дом – Пехчево |
| 23 | Стоматолошки клинички центар – Скопје |
| 24 | Здравствен дом - Делчево |

### 1.5. ЈЗУ кои немаат нема лице кое е вработено кај договорниот орган а кое има валидна потврда за лице за јавни набавки

| Р.бр. | ЈЗУ кои немаат лице со лиценца за ЈН |
|---|---|
| 1 | Универзитетска клиника за ендокринологија - Скопје |
| 2 | Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија – Скопје (ангажирано надворешно лице) |
| 3 | Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје (ангажирано надворешно лице) |
| 4 | Здравствен дом - Македонски брод (со помината важност) |
| 5 | Психијатриска болница – Скопје |
| 6 | Општа болница - Гевгелија (со помината важност) |
| 7 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје (со помината важност) |
| 8 | Универзитетска клиника за пластична хирургија Скопје - (со помината важност) |
| 9 | Општа болница - Гостивар (ангажирано лице со договор за дело) |
| 10 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје (ангажирано надворешно лице) |
| 11 | УК за токсикологија – Скопје (ангажирано лице со договор за дело) |
| 12 | УК за детски болести – Скопје |
| 13 | Здравствен дом – Куманово |
| 14 | Центар за јавно здравје – Штип (ангажирано надворешно лице) |
| 15 | Здравствен дом – Ростуше (ангажирано надворешно лице) |
| 16 | Општа болница – Дебар (ангажирано надворешно лице) |
| 17 | Здравствен дом – Пехчево |
| 18 | Завод за нефрологија – Струга (со помината важност) |

### 1.6. ЈЗУ кај кои се констатирани набавки без спроведена постапка за јавна набавка чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 500 евра во денарска противвредност без ДДВ

| Р.бр. | ЈЗУ |
|---|---|
| 1 | Здравствен дом - Струга |
| 2 | Општа болница - Струмица |
| 3 | Центар за јавно здравје - Куманово |
| 4 | Герантолошки завод 13 Ноември - Скопје |
| 5 | Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје |
| 6 | Универзитетска клиника за уво. нос и грло - Скопје |
| 7 | Универзитетска клиника за пластична хирургија - Скопје |
| 8 | Здравствен дом - Скопје |
| 9 | Здравствен дом - Велес |
| 10 | Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје |
| 11 | Универзитетска клиника за ендокринологија - Скопје |

| | |
|---|---|
| 12 | Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија - Скопје |
| 13 | Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје |
| 14 | Универзитетска клиника за очни болести - Скопје |
| 15 | Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје |
| 16 | Општа болница - Прилеп |
| 17 | Универзитетска клиника за хируршки болести “Свети Наум“ - Скопје |
| 18 | Општа болница - Гостивар |
| 19 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје |
| 20 | Општа болница - Кавадарци |
| 21 | Општа болница - Велес |
| 22 | Општа болница - Гевгелија |
| 23 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје |
| 24 | Универзитетска клиника за инфективни и фебрилни состојби - Скопје |
| 25 | Општа болница - Охрид |
| 26 | Општа болница - Струга |
| 27 | Здравствен дом - Битола |
| 28 | Психијатриска болница - Негорци |
| 29 | Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје |
| 30 | Здравствен дом - Гостивар |
| 31 | Здравствен дом - Прилеп |
| 32 | Центар за јавно здравје – Струмица |
| 33 | Институт за јавно здравје на РМ |
| 34 | Завод за превенција. лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Св. Стефан - Охрид |
| 35 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо - Охрид |
| 36 | Здравствен дом – Кратово |
| 37 | Здравствен дом – Крива Паланка |
| 38 | Здравствен дом – Тетово |
| 39 | Центар за јавно здравје – Битола |
| 40 | Медицински факултет – Институти |
| 41 | УК за неврохирургија – Скопје |
| 42 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје |
| 43 | Здравствен дом – Охрид |
| 44 | Здравствен дом – Ресен |
| 45 | УК за детски болести – Скопје |
| 46 | УК за токсикологија – Скопје |
| 47 | УК за урологија – Скопје |
| 48 | Здравствен дом – Крушево |
| 49 | Здравствен дом – Куманово |
| 50 | Здравствен дом – Вевчани |
| 51 | Здравствен дом - Железничар |
| 52 | Центар за јавно здравје – Штип |
| 53 | Институт за трансфузиона медицина на РМ |
| 54 | Клиничка болница – Штип |
| 55 | УК за психијатрија – Скопје |
| 56 | Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево |
| 57 | Здравствен дом – Кичево |
| 58 | Здравствен дом – Ростуше |

| | |
|---|---|
| 59 | УК за кардиохирургија – Скопје |
| 60 | УК за клиничка биохемија – Скопје |
| 61 | Општа болница – Дебар |
| 62 | Здравствен дом – Неготино |
| 63 | Здравствен дом – Пехчево |
| 64 | Здравствен дом – Штип |
| 65 | Центар за јавно здравје – Скопје |
| 66 | Стоматолошки клинички центар – Скопје |
| 67 | УК за радиологија – Скопје |
| 68 | Завод за нефрологија - Струга |
| 69 | Здравствен дом – Делчево |
| 70 | Здравствен дом – Гевгелија |
| 71 | Здравствен дом – Кавадарци |

**1.7. ЈЗУ во кои не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 500 евра во денарска противвредност без ДДВ**

| Р.бр. | ЈЗУ |
|---|---|
| 1 | Здравствен дом - Струга |
| 2 | Општа болница - Струмица |
| 3 | Центар за јавно здравје - Куманово |
| 4 | Герантолошки завод 13 Ноември - Скопје |
| 5 | Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје |
| 6 | Универзитетска клиника за пластична хирургија - Скопје |
| 7 | Здравствен дом – Скопје |
| 8 | Клиничка болница - Тетово |
| 9 | Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје |
| 10 | Универзитетска клиника за ендокринологија - Скопје |
| 11 | Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија - Скопје |
| 12 | Универзитетска клиника за очни болести - Скопје |
| 13 | Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје |
| 14 | Општа болница - Прилеп |
| 15 | Универзитетска клиника за хируршки болести “Свети Наум“ - Скопје |
| 16 | Општа болница - Гостивар |
| 17 | Општа болница - Велес |
| 18 | Психијатриска болница – Скопје |
| 19 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје |
| 20 | Универзитетска клиника за ТОАРИЛУЦ - Скопје |
| 21 | Општа болница - Охрид |
| 22 | Општа болница - Струга |
| 23 | Здравствен дом - Битола |
| 24 | Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје |
| 25 | Здравствен дом – Прилеп |
| 26 | Центар за јавно здравје – Струмица |
| 27 | Институт за јавно здравје на РМ |
| 28 | Завод за превенција. лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Св. Стефан - Охрид |
| 29 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо - Охрид |

| | |
|---|---|
| 30 | Здравствен дом – Кратово |
| 31 | Здравствен дом – Крива Паланка |
| 32 | Здравствен дом – Тетово |
| 33 | Центар за јавно здравје – Битола |
| 34 | Универзитетска клиника за неврохирургија – Скопје |
| 35 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје |
| 36 | Здравствен дом – Охрид |
| 37 | Здравствен дом – Ресен |
| 38 | Универзитетска клиника за детски болести – Скопје |
| 39 | Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје |
| 40 | Универзитетска клиника за урологија – Скопје |
| 41 | Здравствен дом – Крушево |
| 42 | Здравствен дом – Куманово |
| 43 | Здравствен дом – Вевчани |
| 44 | Здравствен дом - Железничар |
| 45 | Центар за јавно здравје – Штип |
| 46 | Институт за трансфузиона медицина на РМ |
| 47 | Клиничка болница – Штип |
| 48 | Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје |
| 49 | Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево |
| 50 | Здравствен дом – Ростуше |
| 51 | Универзитетска клиника за клиничка биохемија – Скопје |
| 52 | Општа болница – Дебар |
| 53 | Здравствен дом – Неготино |
| 54 | Здравствен дом – Пехчево |
| 55 | Здравствен дом – Штип |
| 56 | Центар за јавно здравје – Скопје |
| 57 | Стоматолошки клинички центар – Скопје |
| 58 | Универзитетска клиника за радиологија – Скопје |
| 59 | Завод за нефрологија - Струга |
| 60 | Здравствен дом – Делчево |
| 61 | Здравствен дом – Гевгелија |

### 1.8. ЈЗУ Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки

| Р.бр. | ЈЗУ |
|---|---|
| 1 | Универзитетска клиника за хируршки болести “Свети Наум“ - Скопје |
| 2 | Универзитетска клиника за неврологија - Скопје |
| 3 | Општа болница – Кавадарци |
| 4 | Општа болница – Гевгелија |
| 5 | Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје |
| 6 | Општа болница – Струга |
| 7 | Здравствен дом – Гостивар |
| 8 | Здравствен дом – Прилеп |
| 9 | Центар за јавно здравје – Струмица |
| 10 | Институт за јавно здравје на РМ |
| 11 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје |

| | |
|---|---|
| 12 | УК за урологија – Скопје |
| 13 | Здравствен дом - Крушево |
| 14 | Здравствен дом – Вевчани |
| 15 | Здравствен дом - Железничар |
| 16 | Здравствен дом – Ростуше |
| 17 | УК за кардиохирургија – Скопје |
| 18 | УК за клиничка биохемија – Скопје |
| 19 | Општа болница – Дебар |
| 20 | Здравствен дом – Неготино |
| 21 | Здравставен дом - Гевгелија |

**1.9. ЈЗУ кај кои во контролираните постапки. се констатирани случаи кога договорите за јавни набавки не се склучени во законски утврдениот рок**

| Р.бр. | ЈЗУ |
|---|---|
| 1 | Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје |
| 2 | Општа болница - Кочани |
| 3 | Општа болница - Охрид |
| 4 | Општа болница - Струга |
| 5 | Здравствен дом - Гостивар |
| 6 | Здравствен дом – Крива Паланка |
| 7 | Здравствен дом – Тетово |
| 8 | Здравствен дом – Охрид |
| 9 | Здравствен дом - Вевчани |
| 10 | Здравствен дом – Кичево |
| 11 | Здравствен дом – Ростуше |
| 12 | УК за клиничка биохемија – Скопје |
| 13 | Завод за нефрологија - Струга |